Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# П Р А В И Л Н И К
## за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

Скопје, октомври 2023 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), министерот за финансии, донесува

# ПРАВИЛНИК
## за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

### Член 1

Со овој правилник се врши дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии број 01-11278/1 од 29.12.2022 година, број 01-2902/1 од 31.03.2023 година и број 01-2902/2 од 27.04.2023 година и тоа:

### Член 2

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 1. Сектор за буџети и фондови, во работното место под „реден број 17, со шифра УПР0101Б02000, со звање Раководител на сектор, со назив на работно место Раководител на сектор за буџети и фондови“, во делот Вид на образование по зборот „бизнис“ се додаваат зборовите „или други општествени науки (организациони науки и управување - менаџмент)“.

### Член 3

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 4. Сектор за управување со средства, во работното место под „реден број 121, со шифра УПР0101Б02000, со звање Раководител на сектор, со назив на работно место Раководител на сектор за управување со средства“, во делот Вид на образование по зборот „право“ се додаваат зборовите „или други општествени науки (организациони науки и управување - менаџмент)“.

Член 4

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01- 2902/5
20-10-2023 година
СКОПЈЕ

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi

Republika e Maqedonisë së Veriut • Ministria e financave - Shkup • Република Северна Македонија / Министерство за финансии - Скопје

Изработил: Кимет Куртиши
Контролирал: Верица Стоилова
Лилијана Стојановска
Проверил: Laura Ajdini
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Љубомир Јорданов
Согласен: д-р Јелена Таст